**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Бр. 05-32**
**30.01. 2014 година**
**С к о п ј е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 6, став 1, алинеја 4, член 23 став 1 алинеја 1 и член 152 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14) и Извештајот, бр.10-583/1 од 29.01.2014 година, а во согласност со Заклучокот, бр.02-520/12 од 29.01.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, односно поради не емитување најмалку 8 часа во текот на неделата вокална и/или вокално – инструментална музика на македонски јазик и обврската за процентуална распределба на емитуваната музика, од страна на Трговско радиодифузно друштво „АЛФА ТВ" ДООЕЛ Скопје, на 05-та седница одржана на 29.01.2014 година, донесе:

**Решение**
**за преземање мерка**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво „АЛФА ТВ" ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 92 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14) односно непочитување на законската обврска да емитува најмалку 8 часа во текот на неделата вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик и обврската за процентуална распределба на емитуваната музика, во периодот од 13 до 19 јануари 2014 година.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е (по датум, опис на прекршување) во Извештајот, бр.10-583/1 од 29.01.2014 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр. 1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво „АЛФА ТВ" ДООЕЛ Скопје, во рок од 90 (деведесет) дена од денот на донесувањето на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова решение, постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).

4. Ова решение е конечно.
Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 6, став 1, алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во периодот од 13 до 19 јануари 2014 година, изврши вонреден надзор на програмски сервис на ТРД „ТВ Алфа" ДООЕЛ Скопје, при што со помош на системот на мониторинг констатираше дека од страна на наведениот радиодифузер е извршена повреда на член 92 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14), на начин што не ја почитувале законската обврска да емитуваат најмалку 8 часа во текот на неделата вокална и/или вокално–инструментална музика на македонски јазик и обврската за процентуалната распределба на емитуваната музика. Во анализираниот период емитувал вкупно 7 часа и 31 минута вокално – инструментална музика на македонски јазик, од кои 58% народна, а 42% забавна.

Повредата е специфицирана (по датум, опис на прекршување) во Извештајот бр.10-583/1 од 29.01.2014 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр. 1.

Следствено на тоа, а врз основа на член 23 став 1 алинеја 1 и член 152 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги и Извештајот, бр.10-583/1 од 29.01.2014 година, а во согласност со Заклучокот, бр.02-520/12 од 29.01.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, наведено во точка 1 на ова решение, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 05-та седница одржана на ден 29.01.2014 година, донесе решение со кое кон Трговското радиодифузно друштво „АЛФА ТВ" ДООЕЛ Скопје, презема мерка – опомена.

Агенцијата му наложи на радиодифузерот, во рок од 90 (деведесет) дена од денот на донесувањето на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги. Исто така, по истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова решение, постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, ова решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги**
**Претседател,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Извештај од вонредниот надзор на програмскиот сервис на ТРД ТВ Алфа ДООЕЛ Скопје, емитуван од 13 до 19 јануари 2014 година бр.10-583/1 од 29.01.2014 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво „АЛФА ТВ" ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво „АЛФА ТВ" ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

Изработила: м-р Тања Гуноска Одобрила: Цветанка Митревска